Архивски број: 04-292/11

Датум : 17.12.2025

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), В.Д Директорот на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, донесе:

О Д Л У К А
за избор на кандидати за работните места број 1 и 2 по Интерниот оглас број 01/2025 за унапредување на два административни службеници

1. Во врска со Интерниот оглас број 01/2025 за унапредување на два административни службеници, објавен на ден 28.11.2025 година, а според Записникот од спроведеното интервју со Финална ранг-листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираните кандидати број 04-292/10 од 17.12.2025 година од Комисијата за селекција за унапредување на два административни службеници, формирана со Решение 04-292/8 од 09.12.2025 година, се **ИЗБИРААТ:**

- за работното место број 1:СО30102В02001-Правник, Виш соработник, ниво В2, во Оддел за административни и помошно-технички работи- Дел за управување со човечки ресурси и административно работење, кандидатот **Медиа Мусли.**

-за работното место број 2:СО30102В02002-Одговорен сметководител, Виш соработник, ниво В2, во Оддел за административни и помошно-технички работи- Дел за управување со човечки ресурси и административно работење, кандидатот **Горан Дамјановски**.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето на веб страницата на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола.

3.Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, ќе се донесат решенија за унапредување на административните службеници.

О б р а з л о ж е н и е

По добиеното известување за обезбедени финансиски средства број 19-7466/2 од 17.07.2025 година на Министерството за финансии за унапредување на два административни службеници, Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола на ден 28.11.2025 година објави на веб- страницата на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола и веб-страницата на Агенцијата за администрација Интерен оглас број 01/2025, за унапредување ва два административни службеници.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

- ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА-БИТОЛА -

За спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од страна на В.Д. Директорот формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со Решение број 04-292/8 од 09.12.2025 година за работните места 1 и 2.

Комисија за селекција за унапредување на административни службеници согласно прописите за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, спроведе административна селекција за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 04-292/9 од 17.12.2025 година. По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе интервју, за што е составен Записник број 04-292/10 од 17.12.2025 година.

Врз основа на Записникот за административна селекција и Записникот од спроведеното интервју, Комисијата состави Финална ранг-листа на интервјурираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираните кандидати од Интерниот оглас број 01/2025 кои ги достави на понатамошно постапување до В.Д. Директорот на Установата.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници е утврдено дека во рок од три дена од добивањето на предлогот, В.Д. Директорот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

Јавна установа Дом задоенчиња и мали деца-Битола
В.Д. Директор
Биљана Анастасова

Изработил:Медиа Мусли,Правник

Доставено до:
-Кандидатите
-Досие
-Архива

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com